Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола", бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 21 и чл.29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 64/05… 192/2015 и 167/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.12.2025 год., донесе

# П Р О Г Р А М А

## за Наменско трошење на определени средства во областа на управување со животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2023 година

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2026 година а планираните средства на оваа програма изнесуваат **11.105.876,00 денари**.

Средствата во висина од **11.105.876,00 денари** се определени со Одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2023 година, бр.50-10298/5 од 02.12.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија, објавена во „Службен Весник на РСМ" бр.245 од 05.12.2025 година.

Средствата во висина од **11.105.876,00 денари** се распределуваат на следниот начин:

Планираните средства од оваа програма во износ од **2.596.839,00 денари** се однесуваат на **Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул.„Маркс и Енгелс" - Општина Битола,**

Планираните средства од оваа програма во износ од **5.509.037,00** денари се однесуваат на **Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул „Караорман"- профил II и дел од профил I – Општина Битола,**

Планираните средства од оваа програма во износ од **3.000.000,00,00** денари се однесуваат на **Поставување на подземни садови за комунален отпад во Општина Битола.**

Исто така треба да се потенцира дека во оваа програма дополнително се префрлаат средствата во износ од **3.540.338,00ден.** кои беа дел од минатогодишната програма и не се реализираа, а се однесуваат на **Изградба на фекална канализациона мрежа на ул.„Леринска" Општина Битола.**

Динамиката на реализацијата на целата програма, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот на Општината и Комисијата за јавни и комунални дејности а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување

на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Битола.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Битола,
- Прераспределувањето на средствата потребни за реализација на оваа програма ќе се изврши со ребаланс на буџетот на Општина Битола.
- Оваа Програма влегуваат во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-137/11<br>
29.12.2025 год.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општина Битола<br>
Бојан Бојкоски